| 96. | Утовар,транспорт и изработка на тротоарска конструкција од павер елементи 20/10/6 (набавени од инвеститорот)врз подлога од ситна камена ризла (3-5)цм со набивање | $м^2$ | 260 |

**2.1.Атмосферска канализација**

| ред. број | Позиција | ем | цена (денари) |
|---|---|---|---|
| 1. | Обележување и осигурување на трасата | м1 | 150 |
| 2. | Машински ископ на земја ИИИ кат. за каналски ров со ширина (0.6-1.0)<br>-на длабочина од 2м<br>-на длабочина од (2-4)м | <br><br>м3<br>м3 | <br><br>250<br>400 |
| 3. | Рачен ископ на земја ИИИ кат. за каналски ров со ширина (0.6-1.0)<br>-на длабочина од 2м<br>-на длабочина од (2-4)м | <br><br>м3<br>м3 | <br><br>560<br>860 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | Рачен ископ на земја ИВ, В кат. за каналски ров со ширина (0.6-1.0) со компресор.<br>-на длабочина од 2м<br>-на длабочина од (2-4)м | <br><br><br>м3<br>м3 | <br><br><br>1250<br>1800 |
| 5. | Грубо и фино планирање на каналскиот ров во земја | м2 | 50 |
| 6. | Набавка, транспорт и уградување на А.Б. вибро пресовани цевки тип “Карпош“<br>- Ф 300<br>- Ф 500<br>- Ф 800<br>- Ф 1000<br>- Ф 1500 | <br><br>м1<br>м1<br>м1<br>м1<br>м1 | <br><br>3500<br>4400<br>8000<br>10000<br>12500 |
| 7. | Изработка на А.Б. ревизиони шахти со двоструко оплатирање без капаци | м3 | 12000 |
| 8. | Набавка, транспорт и уградување на монтажни шахти тип “Карпош“ без капак | м1 | |
| 9. | Поставување на ливени капаци од 80 кг. | ком. | 14000 |
| 10. | Поставување на ливени капаци од 160 кг. | ком. | 27000 |
| 11. | Рачно затрупување на каналски ров со набивање во слоеви | м3 | 260 |
| 12. | Разупирање на каналски ров со слаб притисок и ширина на ровот до 2м и длабочина до 4м | м2 | 200 |
| 13. | Машинско затрупување на каналски ров | м3 | 160 |
| 14. | Посипување со ситен песок на каналски ров | м3 | 1100 |
| 15. | Поткревање на шахти на кота на нивелета | пар. | 3000 |
| 16. | Спуштање на шахти на кота на нивелрта | пар. | 3000 |
| 17. | Машински утовар и транспорт на вишок земја со камион на растојание до 10 км | м3 | 260 |
| 18. | Рачен утовар и транспорт на вишок земја со камион на растојание до 10км | м3 | 460 |
| 19. | Утовар и транспорт на материјал со рачна количка на раст. од 20м | м3 | 600 |
| 20. | Поставување на ливени капаци од 30 кг. | Ком. | 4200 |

**3.Единечни цени за изградба на партерни уредувања и игралишта**

| ред. број | Позиција | един. мера | цена |
|---|---|---|---|
| 1. | Припрема на градилиштe,организирање на затворен или заграден | пауш. | 5000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | простор за одлагање на градежен материјал и алат | | |
| 2. | Поставување на информативна табла со потребните основни податоци за градбата | пауш. | 2000 |
| 3. | Расчистување на локацијата од материјали и урбана опрема која може да се отстрани,нискостеблести растенија и сл и одвоз до локациоја одредена од надлежен орган | пауш. | 25 000 |
| 4. | Обновување на точки и исколчување на објектот | пауш. | 15000 |
| 5. | Набавка и поставување на **лулашки** на претходно бетонирани темели | ком | 20 000 |
| 6. | Набавка и поставување на **клацкалици** на претходно бетонирани темели | ком | 15 000 |
| 7. | Набавка и поставување на **фонтана** за пиење вода на претходно бетонирани темели | ком | 20 000 |
| 8. | Изработка и монтирање на **настрешница** за Шестоаголно сенило со клупи прицврстено на претходно бетонирани темели<br>-со челична конструкција<br>-со дрвена конструкција | ком | 78 000<br>60 000 |
| 9. | Набавка и поставување на **клупи** на предходно бетонирани темели со припремени потребни анкери за прицврстув | ком | 8 000 |
| 10. | Набавка и поставување на **корпи за отпадоци** готови по каталог | ком | 3 000 |
| 11. | Набавка и монтирање на **столб за знаме** на претходно бетониран армирано бетонски темел и анкерисање.Висина на столб до 6м | ком | 30 000 |
| 12. | Набавка и поставување на **канделабри** на претходно бетонирани темели со анкерисување | ком | 30 000 |
| 13. | Набавка и поставување на мрежа за гол и стативи за мал фудбал | ком | 10 000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Набавка и поставување на конструкција со гуми /дет игрaчка/ на претходно бетонирани темели | ком | 15 000 |
| 15. | Фарбање на постоечки елементи за детски игралишта | ком | 1 500 |
| 16. | Изработка и поставување на **пирамида** жардињера по детал на арм бет темели | ком | 25 000 |
| 17. | Набавка и поставување на **готови цвеќарници** на каскадно припремен терен | ком | 600 |
| 18. | Набавка,транспорт и поставување на **камен рабник** | м | 1200 |
| 19. | Поставување на **камени плочи** врз слој од песок со ширина од 3см предходно добро набиен | м2 | 2 400 |
| 20. | Зидање на **камени зидови** за ограда со висина од 70см по даден детал со столбови на одредено растојание. | м3 | 6 000 |
| 21. | Изработка и монтирање на дрвени детска **колиби** со скали прицврстено на претходно бетонирани темели | ком | 50 000 |
| 22. | Изработка и поставување на **коса качувалка** по детал на претходно бет темели од железна конструкција | ком | 25 000 |
| 23. | Набавка и поставување на **логоров оган** изработен по детал | ком | 30 000 |
| 24. | Изработка и монтирање на **дрвена детска куЌичка** со скали прицврстено на претходно бетонирани темели | ком | 35 000 |
| 25. | Изработка и поставување на клупи со маса за табла за шах со дим 2,0м/1,8м пицврстена за арм бет темели претходно бетонирани по детал со полукружна форма | ком | 18 000 |
| 26. | Набавка и поставување на **конструкција со јажиња** на претходно бетонирани темели | ком | 30 000 |
| 27. | Набавка ,транспорт и поставување на коструклција за кош со табла, столб и мрежа | ком | 35 000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 28. | Цртање на едукативни содржини /клин плочка,спортски терен,детско игралиште | пауш. | 5 000 |
| 29. | Интервенција кај лулашка,клацкалица и тобоган со фарбање и дополнување со елементи | ком | 3 000 |
| 30. | Повеќенаменско детско игралиште | ком | 100 000 |
| 31. | Детска лизгалка | ком | 65 000 |
| 32. | Дрвена водотпорна табла | ком | 6 000 |
| 33. | Мрежа за обрач | ком | 1 200 |
| 34. | Метален обрач за кош | ком | 5 000 |
| 36. | Изработка и монтажа на армирано бетонски елементи заедно со бетонирање на арм бет темели за заштита на возилата на патиштата “њу џерси“МБ 30 | м | 8 000 |
| 37 | Изработка и монтирање на стандардна настрешница / чекална/ /за автобуска постојка од метални профили комплет со фундаменти и анкерни плочки со дим / 2мх5м / | ком | 60 000 |
| 38 | Набавка и поставување на камени плочи врз подлога од цементен малтер<br>од 2-3см<br>од 3-5см<br>од 5-10см<br>Само работна рака<br>од 2-3см<br>од 3-5см<br>од 5-10см | м2 | <br><br>700<br>900<br>1 200<br><br>250<br>350<br>450 |
| 39 | Набавка и поставување на РЕ коругирани цевки сн-4<br>Ф 110<br>Ф 200<br>Ф 250<br>Ф 315<br>Ф 800 | | <br><br>250<br>500<br>850<br>1400<br>8260 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ф1000 | | 13000 |

**4.Возила и градежни машини вклучени во зимско одржување**

| Ред. бр. | Вид на возило (машина) | Ефективни ден./час | Припрема ден./час |
|---|---|---|---|
| 1. | Фап 1414 со посипувач на сол и хидрауличен плуг | 2 400 | 720 |
| 2. | Трактор утоварувач | 1 200 | 400 |
| 3. | Тамче со хидрауличен плуг | 1 200 | 440 |
| 4. | Машина "КАТ" Д428 | 3 500 | 820 |
| 5. | Вибро валјак 1.5тон | 1500 | |
| 6. | Лада нива | 500 | / |

**5.Работна рака**

| Ред. бр. | Структура на работната рака | Цена на работната рака ден./час |
|---|---|---|
| 1. | Инженер | 420 |
| 2. | Возач | 320 |
| 3. | Работник | 300 |

**6.Возила и градежни машини вклучени во редовно одржување**

| Ред. бр. | Вид на возило (машина) | Ефективни ден./час |
|---|---|---|
| 1. | Фап 1414 | 3600 |
| 2. | Трактор утоварувач | 1800 |
| 3. | Тамче | 1800 |
| 4. | Машина "КАТ" Д428 | 5250 |
| 5. | Вибро валјак 1.5тон | 2250 |
| 6. | Вибро плоча | 900 |

**Сите горенаведени цени во овој ценовник се цени во кои не е пресметан ДДВ.**

Член 4

За сите позиции кои не се опфатени со овој Ценовник, а може да се појават при извршување на програмските задачи, цените на градежните позиции ќе бидат формирани согласно важечките норми во градежништвото.

Доколку ЈП „Стипион 2011"-Штип при реализација на програмските задачи ангажира други специјализирани фирми за таа дејност, цените ќе бидат формирани врз база на единечните цени добиени од постапката за јавна набавка зголемени 10% за трошоците на работење на ЈП „Стипион 2011"-Штип.

Член 5

Ценовникот влегува на сила по добиената согласност од страна на Советот на Општина Штип и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Штип".

Управен одбор
на ЈП „Стипион 2011"Штип
Претседател,

Панче Стефановски, с.р.

Број 0202-133/6
29.05.2022 година

Штип

289.

Врз основа на член 11 став 2 точка 7 од Статутот на ЈП „Стипион 2011"Штип(„СЛ.Гласник на Општина Штип" број 10/12 и 8/13 ), Управниот одбор на ЈП„Стипион 2011'Штип на седницата одржана на ден 29.03.2022 година донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Ценовникот на ЈП„Стипион 2011" Штип
за одржување на локални патишта и улици

Член 1

Се утврдува Ценовникот на ЈП„Стипион 2011 "Штип за одржување на локални патишта и улици.

Член 2

Ценовникот наведен во член 1 од Оваа Одлука е составен дел на истата.

Член 3

Со давање на согласност на овој Ценовник од страна на основачот ‚Ценовникот на ЈП„Стипион 2011" за одржување на локални патишта и улици („Службен гласник на Општина Штип" број 18/13) и Одлуките за измена и дополнување на овој Ценовник („Службен гласник на Општина Штип " број 8/14,13/14 и 1/18) се ставаат вон сила .

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0202-133/5
29.03.2022 година
Штип

Управен одбор
на ЈП „Стипион 2011“Штип
Претседател,
Панче Стефановски, с.р.

290.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ДУШКО МАНЕВ

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за лекување на Душко Манев.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2580/2
20 април 2022 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

291.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 април 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ НА ДУШКО МАНЕВ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за лекување на Душко Манев во висина од 3.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2580/1
18 април 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

292.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува План и Програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2581/2
20 април 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

293.

Врз основа на член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ број 149/14; 149/15 и 53/16) и Правилник за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на

податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта („Службен весник на РСМ“ број 44/21) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општината Шти“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), а со цел да се утврдат начините и методите со кој во иднина би се воспоставил соодветен систем на контрола на популација на кучиња, со што би се намалил бројот на бездомните кучиња на нејзината територија, Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 април 2022 година, донесе

ПЛАН И ПРОГРАМА
ЗА КОНТРОЛА НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА
НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП

1. **Вовед**

Програмата за решавање на проблемот со бездомните кучиња-третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, е во согласност со член 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ број 149/14; 149/15 и 53/16) и обврските на општината кои произлегуваат од истиот закон. Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирање.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација, како единствено ефикасен и оддржлив е препорачан хуманиот начин на третирање на овие животни, т.е. нивната масовна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени.

Поточно, Програмата подразбира заловување и масовна стерилизација/ кастрација и вакцинација на бездомните кучиња, т.е. сите кучиња дефинирани како слободни на одредена територија. По стерилизацијата/ кастрацијата,тест за социјализација и вакцинацијата на бездомните кучиња, истите се враќаат на територијата од која што биле заловени и каде што продолжуваат да живеат.

2. **Цел на програмата**

Главната цел на програмата е контрола над популацијата на бездомните кучиња во Општина Штип, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и спречи создавање/прилив на нови кучиња на улица преку спроведување на стратегијата „залови-стерилизирај-вакцинирај- врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица.

3. **Предмет на програмата**

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да се превземаат на територијата на Општина Штип, за ефикасна контрола на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите на хумано третирање на бездомни кучиња на територијата на Општина Штип ќе опфатат:

- заловување на кучињата; транспорт до прифатилиштето;
- прием и преглед на доктор по ветеринарна медицина;
- лабароториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство;
- ветеринарно медицински третман на кучињата, оварихистерстомија и орхиектомија;
- постоперативно сместување и нега;
- Спроведување на тест за социјализација на куче;
- вакцинација и дехелментација;
- обележување на кучињата(ушна маркица,микрочип);
- враќање на заловените кучина на реонот на нивното заловување или вдомување на кучињата;
- еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното здравство;
- едукација и подигнување на јавната свест кај населението.
- Внос на податоци и навремено ажурирање на Информативниот систем во Агенцијата за храна и ветеринарство.

4. **Планирани активности**

За реализација на програмата, Општина Штип со објавување на јавна набавка ќе избере оператор со регистрирано прифатилиште за кучиња скитници и нерегистрирани кучиња во Агенција за Храна и Ветеринарство, согласно Правилник за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта („Службен весник на РСМ“ брпј 44/21). Склучувањето на рамковната спогодба со оператор со регистрирано прифатилиште за кучиња скитници и нерегистрирани кучиња во Агенција за Храна и Ветеринарство се очекува да биде во месец Мај 2022 година.

Лицата кои ќе вршат хумано заловување на кучињата кои ќе бидат обезбедени од изведувачот на планот и програмата, не смеат да чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, треба да се опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема; соодветно возило и приколка, јамка и мрежи за заловување, корпи - кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Транспортот од местото на заловување до прифатилиштето, се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на кучињата.

- Прифатилиште и медицински третман

Секое заловено куче се носи во центар за третирање на бездомните кучиња (прифатилиште), каде подложи на клинички преглед, хируршки зафат-стерилизација /кастрација,тест за социјализација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити. Секое куче е евидентирано/регистрирано во базата на податоци, како и обележано (со ушна маркица и/или чипирање) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума. Прифатилиштето да ги задоволува пропишаните норми во Правилник за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот на спроведување на тестот за социјализација, начинот и содржината на податоците за водење на евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта („Службен весник на РСМ“ брпј 44/21). Со кучињата работат само ветеринарни лица и стручни лица кои сакаат животни, кои немаат страв или анимозитет кон животните, лица кои поминале соодветни обуки и припадници од здруженија за заштита на животни. Тие со кучињата се обврзани да постапуваат грижливо, хумано, задоволувајќи ѓи стандардите пропишани со Законот за заштита и благосостојба на животните. За животот на кучињата може да оценува само ветеринарно лице. Односот кон кучињата може да биде предмет на мониторирање од страна на здруженијата за заштита на животни, со цел, при евидентирање на одредени нерегуларности, да се укаже помош за нивно надминување (согласно европските најдобри практики во овој домен).

- Лабараториско испитување за болеста Лајшманиоза

Од секое заловено куче се зема крв за лабараториско испитување за болеста лајшманиоза и со сите бездомни кучиња кои ќе бидат позитивни на лајшманиоза ке се постапува во согласност со актуелната годишна наредба за здраствена заштита на животните.

- Стерилизација (овариохистерктомија и орхиектомија)

Стерилизација како најефикасната мерка спречува неконтролирано размножување, намалување на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулација на бројката на популација и прифатилишта. Исто така воспоставува контрола и репродукција на сопствениците на кучиња, така што во наредните 3-4 години целосно би се решил овој проблем на напуштени кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките кучиња се врши после детален клинички преглед. Сите кучиња кои по мислење на ветеринарот ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизираат.

Во постоперативниот период кучињата се сместуваат во наменски кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од

содветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на прифатилиштето.

На кучињата се врши тест за социјализација на кучиња (Тестот го врши лице кое има овластување од Агенцијата за храна и ветеринарство) и ќе биде спроведен после 5 дена од заловувањето затоа што на кучето му се остава период за адаптација во прифатилиштето.

Кучињата што го положиле тестот ќе им се изврши вакцинација против беснило и дехелментизација (обезпаразитување). Кучињата кои ќе се вратат на реонот за заловување покрај тоа што ќе се микрочипирани,ќе бидат видливо обележани со ушна маркица во боја пропишана во годишната наредба за здраствена заштита.

Оние кучиња кои нема да го положат тестот односно ќе бидат прогласени за опасни нема да се вратат во регионот на заловување туку ќе бидат понудени за вдомување,а по истек на 30 дена од моментот на спроведување на тестот за социјализација по исцрпување на сите можности за вдомување кучињата ќе бидат еутанизирани.Одлуката за еутаназија и самата еутаназија ја врши Доктор по ветеринарна медицина.

Посвојување и вдомување

Посвојување и вдомување е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат мора да бидат вакцинирани, стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се олесни и промовира вдомувањето на бездомните кучиња, стационарите треба да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и заинтересирани граѓани.

Задолжително е редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменски веб портали, со цел да биде олеснет и поттикнат процесот на вдомување на миленик

Еутаназија

Еутаназија е во целост неефикасен метод за контрола и решавање на проблемот на напуштените животни на долгорочно ниво, а согласно препораките на Светската здравствена организација може да се спроведе само и исклучиво како хумана еутаназија на болни животни, кои се смртно болни или повредени - во терминален стадиум на болест или повреда, кога состојбата е неизлечива и кога е невозможно да се елиминира болка. Во тој контекст а и во рамки на оваа Програма еутаназијата смее да се изведе само како последна опција во случај кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го преземе понатамошното лекување на многу болното животно како и во случаи кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување на еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на

еутаназирани животни. Еутаназираните животни се отстрануваат на еден од законските пропишани начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

Прифатилиштето има воспоставено 24-часовно дежурство со цел прием на животните во итни случаи.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи/ боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција. а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето. Изведувачот на програмата ќе обезбеди ладилник за лешевите.

5. **Едукација и подигнување на јавната свест кај населението**

Една од целите на оваа Програма е едукација и информирање на јавноста со активностите на истата. Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животните да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

- Да се воведе концептот одговорно сопствеништво, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;
- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;
- Да се промовира одговорна грижа за маалските бездомни кучиња;
- Да се едуцираат граѓаните да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
- Да се поттикне волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорно вдомување;
- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветни органи,
- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улица).

6. **Обем на активности**

Се предвидува интензитетот на заловување и капацитетот на сместување во прифатилиштето да ги исполнува условите за сместување на 20-30 бездомни кучиња. Со оглед на примена на стратегијата „залови-стерилизирај-

вакцинирање-врати" се очекува третман на сите бездомни кучиња кои тековно се јавуваат на јавен простор на територијата на општина Штип.

Со искуството стекнато од минатите три години во Општина Штип гравитираат помеѓу 100-150 бездомни кучиња.

Во 2019 година се заловени и третирани 138 бездомни кучиња,

Во 2020 година се заловени и третирани 92 бездомни кучиња,

Во 2021 година се заловени и третирани 48 бездомни кучиња (со напомена дека во 2021 година операторот работеше само 5 месеци).

7. **Буџет и финансирање**

Активностите што треба да се спроведат ќе се финансираат од Буџетот на Општина Штип, согласно буџетските средства што се обезбедени од буџетот на општина Штип ,а усвоени од страна на Советот на општина Штип.

На одишно ниво во буџетот за 2022 година се предвидени 2.500.000,00 денари. Ставките по кој ке се извршуваат планираните активности ќе бидат во согласност со материјалните закони кои ја уредуваат областа и подзаконските акти кои произлегуваат од нив.

8. **Акциски план за реализирање на програмата**

Со акцискиот план ќе бидат опфатени сите урбани заедници на територијата на Општина Штип каде ќе се реализира заловување. Во руралните средини ќе се интервенира по повик, а во специјални случаи кои наметнуваат таква потреба ќе се интервенира веднаш. Изведувачот на програмата е должен секоја година да изработува акциски план со календар за активности, во кој подетално ќе се прикажани планираните активности со конкретни дати и реони на кои ке се заловуват бездомни кучиња.

9. **Изведувач на програмата**

Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња ќе ја реализира изведувач избран по пат на јавна набавка.Склучувањето на рамковна спогодба со оператор кој ги исполнува сите законски обврски.

10. **Надзор над извршување на програмата**

Надзор над извршување на програмата ќе врши Секторот за инспекциски надзор-главен инспектор на Општина Штип и комунален инспектор. За спроведените активности на терен изведувачот е должен да изготвува квартални извештаи кои ќе бидат доставени до градоначалникот.

Општината планира да спроведе заеднички инспекциски надзори за одговорно сопственишство со официјални ветеринари и санкционирање на сите оние граѓани кои дозволуваат нивните миленици некотролирано да се движат по јавните површини или оние кои ќе ѓи напуштаат своите миленици.

11. **Завршни одредби**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“, а по претходно добиена согласност од Агенцијата за храна и ветеринарство.

Со влегување на сила на оваа програма престанува да важи планот и програма за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на општина Штип број 08-572/1 од 26.01.2022 година.

Број 08-2581/1
18 април 2022 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,
Весна Кожинкова, с.р.

294.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“-ШТИП
(претставник на Министерството за труд и социјална политика)

I

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“-Штип-претставник на Министерството за труд и социјална политика.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2582/2
20 април 2022 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

295.

Врз основа на член 114 став 8 и 17 од Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 104/19,

146/19, 275/19, 88/20, 311/20 и 294/21) и член 21 став 1 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 април 2022 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА
УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈАВНАТА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ОПШТИНСКА
ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“-ШТИП
(претставник на Министерство за труд и социјална политика)

1. Од член на Управниот одбор на Јавната установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“-Штип како претставник на Министерство за труд и социјална политика, **се разрешува**:
   - Лепа Љубисавлевиќ

2. За нов член на Управниот одбор на Јавната установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“-Штип како претставник на Министерство за труд и социјална политика, **се именува:**
   - Саше Ефремов

3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2582/1 Совет на Општина Штип
18 април 2022 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

296.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА
ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО
ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програма за јавно осветлување за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2583/2 Општина Штип
20 април 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

297.

Врз основа на член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 април 2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА
НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ
ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за јавно осветлување за 2021 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2583/1 Совет на Општина Штип
18 април 2022 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

298.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ
ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП„ИСАР“-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ
ЗА ПЕРИОД 01.10-31.12.2021 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Исар“-Штип со финансиски показатели за период 01.10-31.12.2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2584/2 Општина Штип
20 април 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов,с.р.

299.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 април 2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА
РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „ИСАР“-ШТИП СО ФИНАНСИСКИ
ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЕРИОД ОД 01.10.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА

I

Не се усвојува Извештајот за работењето на ЈП „Исар“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2021 до 31.12.2021 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2584/1 Совет на Општина Штип
18 април 2022 година Претседател,

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

300.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА ЈП„ИСАР“-ШТИП ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОД ОД 01.10 -31.12.2021 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучок за не усвојување на Извештај на ЈП„Исар“-Штип за одржување на јавната чистота за период од 01.10 -31.12.2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2585/2
20 април 2022 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

301.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), член 49 став 1 и член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 18 април 2022 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ НА ЈП „ИСАР“-ШТИП ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ЗА ПЕРИОД ОД 01.10.2021 ДО 31.12.2021 ГОДИНА

I

